# Ценовници и нивно користење во лабораториски модул на Prima MEDICA

Поради различните начини на работа за приватните лаборатории произлезе потребата за воведување ценовници и нивна имплементација при креирање на пресметка. Потребата за користење ценовници произлегува од различните типови на договори кои лабораторијата може да ги направи со своите коминтенти/пациенти а тоа би значело различна цена за лабораториска услуга која може да варира од основната. Ценовници може да се користат само за пресметки на приватно.

Дефиницијата на ценовници се прави во **Шифрарници->Анализи->Ценовници**. На приказ се добива следната форма




*Слика 1. Дефиниција на ценовник*

Со клик на F5 од тастатура се внесува шифра и назив на ценовникот и потоа од делот со анализите правиме двоен клик на анализата која што сакаме да ја додадеме во ценовникот и ни се појавува прозорче за внес на цена. Ја внесуваме цената и со ентер ја префрламе анализата или целосниот пакет во ценовникот. На овој начин може да се креираат повеќе ценовници во кои една иста анализа може да има различна цена.

Користењето на ценовниците се прави на преимната форма, поточно делот за избор на анализи за пациентот. За да може да се прави избор на анализи од ценовник при прием, основ на плаќање мора да биде 0-Приватно или -1 – Фактура (основот -1 – фактура е додаден во верзија 4.5.4).

При избор на анализи се одбира опцијата **Ценовници** (Слика 2), се избира од опаѓачка листа кој ценовник се користи а од табелата со двоен клик се избира анализата или цел пакет. Да напоменеме дека при избор на анализа од ценовник, во пресметката влегува цената која е назначена во ценовникот, и соодветно цената на цел пакет доколку се избере пакет.




*Слика 2. Користење ценовници*

Доколку изберете анализа од ценовник, а потоа друга од стандардната листа нна анализи, програмот ќе ви јави порака дека не е дозволено. Ако има барем една анализа внесена од ценовник, треба сите да бидат внесени на тој начин за да не настане проблем при пресметката. Понатаму постапката за внес на резултати и пресметка е иста.

Во пресметката има нова можност за назначување попуст на цела пресметка или поединечно по анализа (попустот по анализа може да се стави само ако анализите се внесени по ценовник). За да се пресмета попуст на цела пресметка, се притиска F7 и може да се внеси попустот во соодветното поле. Со клик на копчето запиши автоматски го пресметува внесениот попуст во полето *За наплата*. Во зависност од потребите попустот може да биде со конкретна сума или процент за кој се намалува износот.

Доколку сакате попуст само на одредена анализа, тогаш се пополнуваат вредностите директно во табелата каде што е прикажана анализата(Слика 3)




*Слика 3. Лабораториска пресметка*

Нова функционалност со верзија 4.5.4 е можноста за фаактурирање кон партнери/коминтенти за пресметки направени на приватно. Во овој случај, При прием на пациентот потребно е да се избере основ на ослободување *-1 Фактура* и во полето *За фактурирање на* да се избери партнерот за кој ке се креира фактурата.

За да се креира фактурата за нанзначениот коминтент се пристапува од почетното мени во формата **Лабораторија-> Фактурирање за услуги на приватно** и на екран ни се појавува форма како на (слика 4 ).




*Слика 4. Фактурирање на приватно*

Потребно е да се избери датум од и датум до на фактурирање и потребно е да се избери партер во полето *за фактурирање на,* потоа со клик на копчето *Пресметки за фактура* ни се отвара форма со сите пресметки (слика 5) каде што може да се изберат кои пресметки да се внесат во фактура.



Потоа со клик на копчето креирај фактура од назначените пресметки се креира фактурата и на екран ни се појавува порака дека е креирана фактура со број.

Партнерите/комитентите за кои ќе треба да се креира фактура треба претхидно да бидат внесени во шифрарникот на партнери **Шифрарници ->Партнери** и задолжително е во полето тип на партнер да се избери *2. Деловен партнер*.

